**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Република Македонија**

**З А П И С Н И К бр.4**
**од**
**Преговори за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, помеѓу МЖСПП и ФЕНИ Индустри**

Четврт состанок , 5.12.2007 год. простории во ФЕНИ Индустри, почеток 12:30 ч.

## Присутни:

**Тим за преговарање на МЖСПП:**

- Миле Јакимовски, директор на Управа за животна средина
- Орхидеја Нечева Петрова, директор на Државен инспекторат за животна средина
- Лендита Дика, раководител на Сектор за индустриско загадување и управување со ризик-раководител на тимот,
- Ана Каранфиловска-Мазнева, раководител на Сектор за животна средина
- Назим Алити, раководител на одделение за интегрирано спречување и контрола на загадувањето
- Снежана Ѓорѓиева, самостоен референт во Сектор за комуникација со јавноста-записничар,

**Тим за преговарање на ФЕНИ-Индустри:**

- Оливиер Десаведави, директор на Сектор за животна средина-претседател на тимот
- Борис Ристов, заменик директор на Сектор за животна средина-заменик претседател на тимот
- Орданчо Ристов, раководител за оддел за истражување во Сектор за животна средина
- Цветко Стојанов, технолог во Сектор за животна средина

На состанокот присуствуваше и Заменик генералниот директор на ФЕНИ-Индустри Никола Ризов.

На почетокот на Четвртиот состанок на тимовите за преговарање се усвои Записникот од Третиот состанок кој се одржа на 12.11.2007 год, во просториите на МЖСПП.

Според г-дин Десаведави преговорите во делот на оперативниот план за активностите кај воздухот одат добро, и треба да се концетрираме на активностите за депинијата за троска, и за водите.

ФЕНИ-индустри достави пишан материјал за емисии во атмосферата и амбиенталниот воздух.

Г-ѓа Нечева имаше забелешка на истиот: Во вредностите на емисиите по санација на електростатскиот филтер, лепол решетка, ротациона печка-Линија 1, да стои само дека вредностите се 200 мг/м3, и да се избришат напомената и точките 4’ и 5’’.

Преговорачкиот тим на МЖСПП побара дополнително време за да се разгледа овој материјал и другите забелешки, доколку ги има ќе се дискутираат на следниот состанок.
Во продолжение на сотанокот г-дин Ризов изврши презентација на фотографии од депонијата на троска, која содржи конверторска троска и троска од електропечка. Тој истакна дека постои интерес за откуп на конверторска троска (во развиените земји се користи како компонента на бетон) и размислување за можноста за враќање во системот.

ФЕНИ-индустри достави и друг материјал: Оперативен план за депонијата за троска, во кои се додадени Активности од бр.11 до бр.15 и тоа:
**Активност 11:** Проширување на депонијата за троска;
**Активност 12:** Поставување на опрема за пратење на аероседиментацијата близу депонијата;
**Активност 13:** Рекултивација на дел од напуштената депонија за троска;
**Активност 14:** Рекултивација на целокупната напуштена депонија за троска;
**Активност 15:** Оградување на депонијата за троска со мрежа.

Г-дин Јакимовски побара дополнително време за да се разгледаат овие активности, бидејќи материјалот е нов и сега е доставен.

Членовите на преговарачкиот тим на ФЕНИ-индустри накратко ги објаснија активностите.
Од преговарачкиот тим на МЖСПП побарано е да се направи проценка и за следните нови локации 2 и 3 (проширување на депонијата), кои би се користеле во наредниот период од 7 години (период за кој важи А дозволата). Исто така треба да се запази процедурата за Локацијата 1 која е проширување на постојната депонија. Побарано е да се достави студијата за неа изработена од страна на ГИМ и да се достави и писмо за намери.
Во Активност 1: да се избришат точките 4 и 5, и да стојат вредности дозволени со закон.
Во Активност 12 нема забелшки во овој момент;
Во Активност 13: да се доработи оваа активност со конкретни податоци, односно студија или елеборат;
Во Активностите 14 и 15 нема забелшки во овој момент;

**Техничките поединости и роковите ќе се договараат на следниот состанок кој е закажан за 17.12.2007 год. во 12 часот, во просториите на МЖСПП.**

Состанокот заврши во 14:30 часот.

Записничар:
Снежана Ѓорѓиева